Д-р. Христијан Петрески
Мед.техничар. Александар Маркоски

# КРАТКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРЕСТОЈОТ ВО СПЛОШНА БОЛНИЦА НОВО МЕСТО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

fppt.com

На почетокот сакаме да ја истакнеме нашата огромна благодарност до Министерството за здравство на Р.Македонија што ни овозможи да бидеме дел од оваа програма за доедукација на медицинскиот персонал во странство и да добиеме една реална слика како треба да изгледа здравствениот систем во нашата држава,исто така сакаме да ја истакнеме и благодарноста до нашата матична установа ЈЗУ-Општа болница-Кичево,со надеж дека во блиска иднина искуствата стекнати за време на нашиот престој ќе бидат пренесени и реализирани во нашата установа.



fppt.com

- Првиот ден од нашиот престој се одвиваа следните активности:
- Прием од страна на главната сестра и предавање од областа на медицинска документација
- Предавање и обука за заштита од пожари одржано од главниот инженер на болницата
- Предавање во врска со поставеноста на здравствениот систем во Р.Словенија и функционирањето на истиот како и начинот на функционирање на регионалните болници одржано од Д-р. Бранимир Ивка шеф на одделот хирургија.



fppt.com

- Во текот на следната недела бевме запознаени со условите на работа во болницата почнувајќи од помошните капацитети па се до одделенијата,амбулантскиот оддел.
- Во наредниот период се запознавме со персоналот на одделот за гастроскопија бевме топло пречекани од шефот на одделот Д-р. Горјуб со кој работевме ендоскопски ултразвук .



fppt.com

- Исто така на одделот за гастроскопија активно учествувавме во закажаните гастроскопии и колоноскопии изведувани од страна на Д-р. Горенц и Д-р. Грегорич, не беше и мал бројот на хитни гастроскопии,а исто така во текот на денот беа изведувани и планирани профилактички колоноскопии со цел превенција од рак на дебелото црево.



fppt.com

- Следниот период напоредно со работата во одделот за ендоскопија,бевме запознати со начинот на работа и функционирање на ревматолошкото одделение како и со работата на одделот за хематологија, тука сакам да напомнам дека беа третирани сите хронични хематолошки заболувања,а исклучок беа акутните леукемии кои беа третирани во клиничката болница во Љубљана.



fppt.com

- Запознавање со пациентите, водењето на истите како и презентација на медицинската документација и испитувањата кои беа правени беше дел од нашата секојдневна рутина. На одделението имаше соби со вкупно 16 кревети плус една соба за изолација, беа третирани секаков вид на проблематика почнувајќи обични ерозии и улкуси на гастер и дуоденум, па се до хронични хепатити и цирози на хепар, не беше и мал број на пациенти со рак на гастер, црн дроб и други органи со и без метастази на другите органи.

fppt.com

- Сакам да истакнам дека голем дел од пациентите беа третирани со Мареван кој е аналог на Синтромот како дел од оралната антикоагулантна терапија. На одделот на ендоскопија беа поставувани и ПЕГ (перктуна ендоскопска гастростома) сонди во која процедура учествуваа заеднички двајца специјалисти доктори. Дневната болница во рамките на сплошната болница во Ново место располага со 6 кревети и таму беа третирани хематолошки и ревматолошки болни со најсовремената биолошка терапија аплицирана субкутано. Шефот на Интерното одделение прим. Д-р Рафаел Капшц во неколку наврати извршуваше електрокардиоверзио на пациенти кај кои беше индицирано истото.



fppt.com

- Интензивното одделение во болницата функционира со 12 кревети и е опремен со најсовремените апарати и инфузиомати,како и апарати за дијализа.
- Исто така бевме запознаени и со работата на одделот за пулмологија каде директно не пречека шефот Д-р. Среќко Стојковски.



- Амбулантскиот оддел од интерното одделени функционираше со работа од 07-11 часот и беа третирани пациенти со закажани термини, за истакнување е фактот што до голема мера како и амбулантскиот и одделот за ендоскопија е олеснета работата на докторите со тоа што ниту еден доктор специјалист не беше преокупиран со пишување на извештаи на компјутер туку сето тоа одеше преку диктафон со посебна касета за секој пациент, а после тоа записите од касетите беа ислушувани од страна на администраторите и беа препраќани во печатена форма на домашна адреса на пациентите. Исто така во текот на престојот беше организирана посета на фабриката за лекови Крка каде бевме запознаени со начинот на функционирање на истата.

fppt.com